# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

Од Петтото продолжение на Седумдесет и првата седница
на Собранието на Република Македонија,
одржана на 23 јули 2004 година

Седницата се одржа во сала И на Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,40 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почитувани пратеници, продолжуваме со работа по 71-та седница на Собранието на Република Македонија .

Пратениците Емилија Костадинова, Зоран Заев, Ангелка Пеева - Лауренчиќ, Слободан Даневски, Зоран Крстевски, Љупчо Мешков, Лилјана Поповска, Трифун Костовски, Љубе Бошковски, Љубчо Георгиевски, Никола Груевски, Сашко Кедев, Петар Наумовски, Чедомир Краљевски, Орданчо Тасев, Марјан Ѓорчев, Аднан Ќахил, Ѓорѓи Трендафилов, Ванчо Георгиев, Мандух Тачи, Али Ахмети, Ганка Самоилова Цветановска и Назми Беќири, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам, да притиснете едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници.

Службите нека го утврдат бројот, Ве молам, бидејќи притиснале 58 пратеника.

Во салата се присутни 70 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

**Значи, застанавме кај 26-та точка - Информација за приватизационата постапка на ПОС-АИК “Лозар” - Битола.**

Претресот по информацијата е заклучен.

Предлогот на заклучоците содржан во информацијата го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеника, 16 гласале за, 9 гласале воздржано, 38 гласале против.

Констатирам дека Собранието не ги усвои предложените заклучоци.

**Поминуваме на 2-та точка - Предлог за избор на претседател на Апелациониот суд во Скопје.**

Предлогот Ви е поделен.

Отворам претрес.

Ве молам, кој бара збор?

Господинот Рафис Алити, имате збор.

Повелете.

РАФИС АЛИТИ:

Ви благодарам господине претседател,

Од имете на Парламентарната група на ДУИ, од причина на консултирање бараме еден час пауза.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Рафис Алити, Вие оваа консултација ја побаравте кога го формиравме дневниот ред.

Јас сега би ви дал пауза но не еден час, туку пауза од половина час.

(По паузата продолжи со работа во 11,15 часот).

Ги молам пратениците да влезат во салата, продолжуваме со работа.

Молам, кој бара збор?

Повелете господине Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, јас се јавив за збор, меѓутоа и процедурално сакам да интервенирам.

Со оглед на тоа што денес имаме многу комисии, еве гледам има седница Комитетот за односи меѓу заедниците каде сум и јас. Еве, сега излегов, потоа Комисијата за труд и социјална политика и Комисијата за транспорт и врски итн.

Не знам колку е згодно ние да продолжиме, а луѓето се на седница на комисиите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трајановски комисиите можат пола час подоцна да почнат.

Јас ја отворив расправата и затоа и продолжуваме со расправа по оваа точка, а кога ќе дојде време за гласање, може да се повикаат членовите на комисиите и може да се гласа.

Дали барате збор по предлогот, господине Трајановски?

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Сигурно.

Добро, претседателе, штом сте решиле вака да тече седницата на Собранието, јас би сакал да го кажам своето мислење, во врска со предлогот за избор на претседател на Апелациониот суд во Скопје.

Секогаш кога ќе се работи за судството, еве и денеска се покажа дека имаме ние проблеми, процедурални и од друга природа. Еве и денеска уште еднаш како Собрание значи како Парламент ставени сме во една незготна состојба, меѓутоа така е определено и со законите на Република Македонија и со Уставот на Република Македонија, ние како Парламент да правиме одредени кадровски решенија во судството. Значи уште еднаш би сакал исто така да апелирам или да го кажам својот став дека Собранието би требало полека со реформи во судството да биде ослободено од оваа непријатна и многу незгодна обврска за именување на судии од било кој ранг.

Што се однесува до самава точка на дневен ред, значи тоа беше општо, до самата точка на дневен ред би сакал да кажам дека материјалот кој што го добивме, ова беше на седницата која што беше закажана на 14.07.2004 година и материјалот го добивме на самата седница. Тоа практично беше продолжеток на праксата кога се работи за судството, многу често предлозите да ги добиваме на самата седница. За потсетувања, така беше и кога беше Законот за Републички судски совет кој со клучниот амандман иако три дена претходно беше во архивата, Предлогот го добивме на самата седница на која што беше предвременото пензионирање или престанок на мандатот на судиите на Републичкиот судски совет, на членовите на Републичкиот судски совет.

Причината за вака итно ставање на дневен ред на оваа точка се бара во судската ферија, значи изборот на претседателот поради таа судска ферија на претседателот на Апелациониот суд е неопходна бидејќи во спротивно ќе го доведе претпоставувам успешното функционирање на судот.

Меѓутоа да видиме како течела процедурата, нормално од предложениот документ.

Огласот е објавен на 4.05.2004 година. Тоа го кажувам се поради тоа што доведени сме во состојба дека ова е итно таква е состојбата, бидејќи ако не го избереме сега ќе имаме голем проблем. Јас одам малку поназад, значи огласот е објавен 4.05.2004 година и се прашувам зошто е толку касно објавен или ако е навреме објавен зошто од 4.05.2004 година, а ние го добиваме предлогот дури на 14.07.2004 година. Значи повеќе од два месеци овој предлог бил во процедура во Републичкиот судски совет.

На овој конкурс се јавиле 4 кандидати, така пишува во материјалот и од нив се предлага да биде избран Ведат Вели, моментално судија во Апелациониот суд во Скопје. Притоа Републичкиот судски совет одржал 4 седници и тоа на 1 и на 25.06 и на 2 и 9.07 2004 година. Побарал и мислење од Врховниот суд и од Апелациониот суд во Скопје. Тие мислења му биле дадени релативно брзо, за 15-тина дена. Сега се прашувам зошто толку големо чекање за да може да се стави на седница, во јули, при крајот на месецот, така што ние да бидеме ставени во еден цајк ној, за да можеме од една временска дистанца да бидеме притиснати, да мораме сега веднаш да го избереме.

Значи, биле пријавени 4 кандидати. Меѓутоа, во материјалот не е наведено кои се тие кандидати. Сметам дека би требало барем да бидат наведени имињата на кандидатите кои се јавиле на конкурсот и кои се кандидирале за претседател на Апелациониот суд.

Ние знаеме дека на Апелациониот суд повторно сега има претседател. Се поставува прашањето, бидејќи сега со овој предлог тој се менува, би требало барем да се даде оценка за неговата досегашна работа. Нормално е некој кој бил претседател во еден изминат мандат, не знам, најверојатно 4 години, да се оцени неговата работа и доколку не ги задоволува критериумите за успешно и квалитетно судско работење, во тој случај да биде предложен за сменување. Доколку биде во ред неговото работење, нормално од судските инстанци оценето, во тој случај ќе го продолжи мандатот.

По мои сознанија работата на Апелациониот суд е оценета како успешна и таа оценка не е од никој друг, туку е од страната на Врховниот суд на Република Македонија и тоа е дадено пред неполни два месеци. И пред тоа работата на Апелациониот суд е оценета како ажурна и квалитетна. Сега се поставува прашањето зошто сега се сменува претседател на Апелационен суд кој од

повисоката судска инстанца е оценет како успешно и квалитетно работење. Со тоа ќе се наруши, нормално континуитетот на работење во Апелационот суд.

Второ, со ваквиот начин на менување сметам дека ќе пратиме лоша порака до судиите, до претседателите на судиите, за оние кои успешно работат. Значи ќе пратиме порака дека не е важно колку успешно работиш и колку квалитетно работиш, туку причините и начините за да добиеш некоја функција во судството, во тој случај не е важна својата работа, туку е важна блискоста со политички партии, со личности и не знам што друго. Исто така е многу лоша пораката и до Европската унија и НАТО, бидејќи во сите извештаи децидно е кажано дека судството кај нас е партизирано и најголем проблем во Република Македонија, на патот кон Европската унија, децидно кажано, е судството. Сега ние место оваа порака од Европската унија да ја сватиме како сериозна, ние продолжуваме и понатаму да одиме во спротивност со тие пораки, препораки од Европската унија и да си тераме по наше. Значи да ставаме судии, со критериуми кои воопшто не држат.

Зошто сметам дека е договарање.Впрочем ова беше што се случува со ДУИ. Значи јас како пратеник и како Македонец навистина сум загрижен, бидејќи бев на една посета на НАТО во Брисел. Мислам дека не е пријатно да се почувствуваш кога децидно во лицето ќе ти кажат дека во својата држава судството е партизирано, дека судството е пристрасно, дека судството е неквалитетно, а тоа е еден од главните сегменти на функционирањето на една држава.

Значи, јас на почетокот на оваа точка очекував во најмала рака дека претседателот на Републичкиот судски совет, како предлагач на овој материјал ќе даде некое образложение, покрај ова писмено, кој биле кандидатите, малку поголема оценка, меѓутоа тоа не се случува, значи се очекува овој предлог да биде тивко, молчешки поминат во Собранието на Република Македонија и понатаму се чудиме зошто судството се повеќе и повеќе навлегува во некои дубиози кои се непожелни во Република Македонија , а како што рековме и многу лошо се оценуваат надвор.

Ние впрочем, од доаѓањето нон стоп сме пиотресени како јавноста во Република Македонија со сите оние кадровски решенија, кои се нудат во судството и секогаш ние како политичка партија сме го кажувале тоа, еве и сега го кажуваме, меѓутоа, изгледа без резултати, но како опозиција должни сме тоа да го направиме и ќе го направиме пред македонската јавност.

Исто така, сврзано со оваа точка со предлогот на РСС, мене ме загрижува комплетноста на РСС. Значи сврзано со оваа точка, би требало, согласно законот за судовите, РСС да биде со мнозинство гласање од вкупниот број членови на РСС.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Коце Трајановски ова не е сврзано со оваа точка. И легитимитет си има РСС, ако имате што да кажете, кажете.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе јас би сакал да се доискажам бидејќи прашањето го упатувам до претседателот на РСС.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ова не е седница на пратенички прашања, ве молам.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Ова е седница со точка за која што барам објаснување од предлагачот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам точката е Ведат Вели да биде избран за претседател на Апелациониот суд Скопје. Тоа е точката на дневен ред.

Вие имавте доста голем увод, тоа го прифатив а сега дискутирајте конкретно.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Конкретно е ова со точката претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не можете да дискутирате за легитимноста на Одлуката на РСС кога е тој точно доволно потполнет. Точно со пет души може да се одлучува.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Ако гласале само тројца од вкупно седум можни, во тој случај се доведува во прашање легитиметот на предлогот. Само толку сакав да прашам. И тоа треба да влезе во записникот во мојата дискусија. Понатаму тоа ќе биде оценување од други релевантни фактори.

Ние затоа на почетокот на седницата баравме оваа точка да биде симната од дневен ред, баравме да биде последна, не се прифати меѓутоа, кога побара ДУИ се прифати да биде последна и тоа јасон зборува дека сепак, главен критериум е сепак политичкото партиско договарање.

Поради сето ова што го кажав, ние како пратеничка група ВМРО-ДПМНЕ, нема да го подржиме овој предлог, ќе бидеме против овој предлог, значи како и понапред и сега не сакам да навлегувам во стручните квлитети на г-динот Ведат Вели, туку зборуваме за принципиелноста во изборот на судии конкретно за претседател на Апелациониот суд на Скопје. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-ѓа Ленче Софрониевска.

ЛЕНЧЕ СОФРОНИЕВСКА:

Мислам дека не е добро јавноста да остане без одговор на поставеното прашање од страна на пратеникот. Јас ќе дадам една кратка елаборација, во врска со повеќе поставените прашања.

Републичкиот судски совет не по негова вина сеуште работи во состав од пет члена, меѓутоа, тоа е 2/3 од предвидениот број во Уставот.

Најголемите тешкотии заради непотполниот состав на овој орган ги трпи всушност, самиот орган, меѓутоа, во однос на предложениот кандидат, јас сакам да истакнам, бидејќи не е тајна кој се јавил на конкурсот. Според Законот за судови, за претседател на суд може да се пријават само судиите на тој матичен суд од каде што се бира претседател на суд. На овој Конкурс се пријавени четворица кандидати, досегашниот претседател г-ѓата Филимена Маневска, г-динот Ведат Вели , г-динот Симеон Никодиновски и г-динот Трпевски, сите судии во тој суд.

Конкурсот беше на време објавен. РСС побара мислење на време од општата седница на Врховнито суд на Република Македонија и судискиот колегиум на Апелациониот суд Скопје. Овие мислења беа со мало задоцнување доставени од оправдани причини, бидејќи општата седница сепак, не се закажува секогаш на време.

Што се однесува до назначените четири седници, должност ми е да објаснам дека овие четири седници на судскиот совет не се однесувале само на ова кадровско решение, туку се однесувале и на други кадровски решенија за кои што во

побрз рок беа прибавени мислења и на минатата седница ова Собрание избра девет судии и еден претседател на суд, кои што биле утврдени на овие седници. Задоцнувањето за доставувањето на предлогот на кандидатот за претседател на Апелациониот суд настанало не по вина на РСС, туку заради тоа што на седниците на кои што според законот на РСС треба да даде мислење и претседателот на Врховниот суд и министерот за правда. На два пати беше побарано од страна на министерот за правда да му се даде време за да се изгради мислење кое што би го дал на седницата на РСС.

Тоа е единствената причина зошто на третата седница беше даде но мислење и веднаш потоа, РСС заседаваше и донесе легитимна одлука за Предлог на кандидатот Вели Ведат да биде избран од страна на Собранието за претседател на Апелациониот суд со гласови 4:1. Јас сакам да укажам на пратеникот Стојановски дека до колку би имало гласање 3:2 тогаш нема одлука и тогаш не би дошол ваков предлог до Собранието, заради тоа што според одредбите од Законот за РСС одлука се донесува исклучиво со мнозинство од вкупниот број на членови. Вкупниот број на членови утврден во Уставот е седум. Значи минимум гласови што би требало да доведат до одлука е четири. На овој начин е гласано во врска со кандидатот Вели Ведат во РСС.

Што се однесува до работењето на судијата Вели Ведат, мислам дека навистина во писмениот предлог има доволно елаборација. Значи се работи за судија кој што е квалитетен во своето работење уште од 1976 година, кога прв пат почнал да работи во Судот. Континуирано работи успешно. Во однос на квалитетот на работењето има податоци над 85% потврдени одлуки, така што, јас не би сакала да се става некаква дилема во однос на квалитетот на кандидатот.

И ќе завршам со следново.

Според изворната уставна ингеренција, стручноста на кандатите што ги предлага РСС ја утврдува исклучиво РСС и додека е таква состојбата ингеренциите, правата на овој орган не можат да му бидат одземени од никого. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Сакате реплика г-дине Трајановски. Имате три минути реплика.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Би сакал уште еднаш да напоменам дека ми се даде биографија или стручноста само на еден од кандидатите. Значи излегува исто како во едноумието. Јас не можам да споредувам кога ја имам биографијата само од едне кандидат. Значи можеме да споредуваме, до колку имаме четири. Значи им било полесно во РСС. Нам ни е дадена само една и затоа вели најдобра е таа. Не е даден предлог на сите оние кои што конкурирале. Значи ова е уште еден аргумент дека треба да се направат реформи во судството, за да не би дошле ние во ваква незгодна ситуација да одлучуваме само за еден кандидат и да велиме дека е тој најдобар. Сигурно дека е најдобар бидејши само еден е предложн. Немаме податоци за другите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Коце Трајановски, Собранието не извира, Собранието го гласа предлогот. Инаку да беа 100 кандидати истото ќе го баравте? Ве молам, треба да го знаеме законот за РСС и од тој аспект мислам дека и самите знаете дека не сте во право со ова што го констатиравте. Ние можеме да го прифатиме и да не го прифатиме врз основа на вашите аргументи што ги немате другите четири кандидати, иако тоа не се должни да го дадат, бидејќи законот е таков и толку е. Ние не бираме, ние само гласаме за предлогот. Не бираме од 10 или 100.

Повелете г-ѓо Којзеклиска имате збор.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Благодарам претседателе,

Јас ќе бидам кратка со оглед на тоа дека претседателката на РСС даде образложение за постапката, кандидатите, гласањето, соодносот во гласањето, меѓутоа, јас од нејзиното излагање не успеав да го видам мислењето на колегиумот на Апелациониот суд. Мислењето на општата седница на Апелациониот суд, мислењето на министерот за правда, мислењето на претседателот на Врховниот суд за кој од предложените кандидати, тие што конкурирале всушност на конкурсот се однесува. Дали овде имаме поделени мислења, или се однесува исклучиво на предложениот кандидат  од страна на РСС.

Јас не спорам во стручноста или во работата и искуството кое го има предложениот кандидат, меѓутоа, и самата претседателка на РСС го испофали предложениот кандидат, меѓутоа ние имавме, со оглед на тоа дека ова ни остана од претходната седница, каде што имавме избор на судии во судовите и претседатели на судовите, имавме можност да видиме дека два -три од предложените кандидати

на РСС не го добија потребното мнозинство во Парламентот и истите тие не беа избрани за судии. Сега овде се јавува, почитуван претседателе и почитувана претседателке на РСС дилемата дали РСС недоволно ги почитува критериумите кои се сами дадени при оценување на стручноста на судиите, или пак доаѓаме до ситуација РСС да предлага определени судии за нивен избор, само колкуда помине редот на тие луѓе и на крајот да се рече еве парламентарното мнозинство се извинува ама не ве избра за судии. Тоа е лоша пракса која доволно до тогаш ги мотивира луѓето да конкурираат на огласите за судии и од друга страна РСС дава мислење за луѓето дека треба да ви ги предлага за судии во апелациони, основни или Врховен суд, а од друга страна тие не добиваат подршка од парламентарното мнозинство.

Во тој дел би сакала само да апелирам, а во однос на конкретниот кандидат г-динот Ведат, мислам дека покрај г-динот Ведат и другите кандидати кои ги предложиле односно кои конкурирале на конкурсот за избор на претседатл, сигурно имаат исто таква, можеби подобра биографија, а критериумите врз основа на кои токму г-динот Ведат Вели е предложен , останууваат во кулуарите на РСС, а до нас пратениците такво нешто не доаѓа. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Михајловски, имате реплика три минути.

ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ:

Мене ми се чини дека колешката Којзеклиска сака парламентот да го претвори во дебатен клуб, да коментираме она што се случувало низ кулуарите  на РСС. Дегутантно е да се мисли дека ние треба да ги ставиме на проверка сите судски инстанци, почнувајќи од Врховниот суд во скалилата до Апелациониот суд и ние да коментираме како тие се однесувале во однос на Предлогот. За нас предлогот е јасен.

Прво да и забележам на опозицијата, залагајќи се за слободно судство се вплеткува во некои социјал-ралистички теории за комплетна контрола на судството. Мислам дека не е во ред за она што се залагаме зашто судската власт полека треба да ја ослободуваме од стегите на Парламентот. И не е ова тендер ние сега да се надгласуваме за четири предлога, па да се кажуваат сите биографии. Мислам смешно е така да расправаме. Не сум правник, меѓутоа размислувам правилно.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате една минута г-ѓа Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Колегата смиот си одговори, не е правник, а имаме од друга страна укажување од сите меѓународни институции, како што самиот колега знае дека ние немаме независно и самостојно судство и незнам кој е гревот на опозицијата ако даде свој коментар.Ако не даде има грев, ако даде пак има грев , така да оставам на јавноста да види кој е во право, јас или колегата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Хасипи.

КЕНАН ХАСИПИ:

Почитуван г-дине претседателе, почитувани пратеници,

Би сакал јас со неколку реченици да го искажам своето мислење во врска со овој предлог, дотолку повеќе што одлагањето на точката како последна  и некои настапи на поедини пратеници овде ми даде за право овој пат отворено да го искажам своето мислење во врска со ова прашање.

Денеска Собранието на Република Македонија или да се изразам поточна дел од овој парламентарен состав, прави обид да ги затвори очите  пред импозантната биографија на г-динот Вели Ведат, кандидат за претседател на Апелациониот суд во Скопје. Највеorојатно од една единствена причина што човекот е роден со вродена генетска грешка да припаѓа на заедницата на една политичка елита на ова Собрание.

При тоа, сакам да потсетам дека г-динот Вели Ведат нужно е човек, а случајно е она што е. Исто така длабоко сум убеден дека кога би можел да ја избира националноста на која би припаѓал г-динот Вели Ведат би ја избрал истата .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Хасипи ве молам зборувајте за стручноста и подршка на кандидатот. Елементите за етничка припадност овде воопшто не се битни, ниту пак сакаме за тоа да зборуваме. Ако вие во таа насока ја водите дискусијата, јас ќе ви го одземам зборот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имаме кандидат судија, предложен од Републичкиот судски совет.

ЌЕНАН ХАСИПИ:

Господине претседателе, комплетно го уважувам вашето мислење, меѓутоа ,цело време воопшто не се расправа за стручните квалитети на тој човек.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

И опозицијата не расправа по етничка основа, расправа по политичка. Дали е партизиран или не е партизиран, затоа вие немојте да ја отварате таа дискусија, што мислам дека не е во ред.

ЌЕНАН ХАСИПИ:

За кандидатурата на г-динот Ведат Вели застана Апелациониот суд Скопје и Републичкиот судски совет, тоа го поткрепи со импозантна биографија на овој човек и неговите врвни , стручни, професионални квалитети.

Тоа сосема оправдано го поставува прашањето колку е оправдано ние , народните избраници од кои голем дел не го познава овој човек, да одлучуваме за неговиот избор.

Извлеков заклучок дека не го познаваат затоа што кога зборуваа не можеа ни името да му го изговорат. Тоа ме наведе дека можеби неговата етничка припадност е една од пречките.

Јас, во мое лично име, веројатно и на мојот колега, бидејки го познавам човекот дке апоседува врвни стручни и професионалниквалитети, мислам дека Републичкиот судски совет го направил најдобриот избор и го подржувам предлогот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот и ги молам пратениците да влезат во салата да пристапиме кон гласање.

Комисиите би можеле малку да направат пауза.

Ги молам уште еднаш пратениците да влезат во салата тие што се надвор, ќе почекам уште пет минути, ако нема кворум, ќе ја затвориме седницата.

(Време на чекање).

Ги молам службите да го утврдат бројот пред да знаеме со колкав број ќе ја прекинеме седницата.

Пратениците нека седнат на своите места.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Во салата се присутни 51 пратеник.

Бидејкинемаме кворум, тука ја прекинувам седницата.

Дополнително ќе бидете известени за продолжението.

Седницата прекина со работа во 12,00 часот.